Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

**2021**

# Извадок на дел од дневни настани 13.12.2019

На 11.12.2019 околу 19.30 часот на локален пат за с.Габрово, струмичко, кај место викано Габровски водопад и на регионалниот пат Струмица – Банско, кај с.Свидовица, струмичко, полициски службеници од СВР Струмица ги лишиле од слобода Т.П.(20) од с.Муртино, кој управувал патничко возило „крајслер војаџер", со струмички регистарски ознаки, во кое превезувал девет лица - мигранти од Сирија и З.А.(22) од с.Банско, кој управувал патничко возило „бмв Х5", со струмички регистарски ознаки. Во врска со

настанот, од слобода биле лишени и С.Ѓ.(25), од с.Муртино, Е.М.(30) од с.Банско и Д.М.(25) од с.Банско. Лицата биле предадени на полициски службеници од СВР Струмица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.12.2019 во 22.05 часот на Граничен премин „Ќафасан‟, полициски службеници го лишиле од слобода С.Т.(19) од Р.Албанија, бидејќи се наоѓал на „стоп листа‟, со мерка за задржување, а при преглед во автобусот каде што седел била пронајдена марихуана. За настанот е известен јавен обвинител, а лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Струга за поматамошна постапка.

На 12.12.2019 во 22.00 часот на граничен премин „Табановце‟, полициски службеници ги лишиле од слобода Ј.С.(31), Р.Н.(26) и М.М(29), сите од Р.Србија поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело „кражба‟ во продажен објект во хотел во близина на граничен премин „Богородица‟. Лицата се предадени на полициски службеници од Полициска станица Гевгелија за понатамошна постапка.

Во текот на 12.12.2019 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности, при што од сообраќај се исклучени **осум** возачи, од кои: **три** возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол и **пет** возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило. Исто така, исклучени од сообраќај се и **шест** возила, бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се **двајца** возачи поради поминување на крстосница на црвено светло. Во однос на пешаците, санкционирани се **четири**пешаци, поради поминување коловоз вон пешачки премин и **еден** пешак поради поминување коловоз на црвено светло. Во текот на изминатите денови **72** возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 12.12.2019 во 06.10 часот на магистралниот пат Градско - Прилеп, на крстосницата на ул.„Пролетерска‟ и магистралниот пат во Росоман, се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно возило „мерцедес‟, со штипски регистарски ознаки, управувано од Д.З.(45) од Штип и патничко возило „фолксваген шаран‟, со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од Д.Ч.(49) од Кавадарци. Во незгодата, со повреди се здобиле возачот на патничкото возило и сопатниците С.Ф.(52) од Неготино, С.П.(38) од Кавадарци, К.Ј.(46) од Неготино и С.П.(76) од Кавадарци и биле пренесени во болницата во Кавадарци. Извршен бил увид на местото на настанот.

На 12.12.2019 во 18.55 часот на бул.„Браќа Ѓиноски‟ во Гостивар, патничко возило „опел астра‟, со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.З.(36) од с.Врапчиште, гостиварско, удрил во пешакот Ј.П.(77) од Гостивар. Во незгодата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза‟ за укажување лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Гостивар.

На 12.12.2019 во 18.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред угостителски објект на ул.„Пиринска" бил пронајден М.С.(14) од Скопје, за кој на 05.12.2019 било пријавено дека се оддалечил од домот.

Полициски службеници од СВР Битола на 12.12.2019 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, констатирано е дека **две** возила биле нерегистрирани, **еден** возач зборувал на мобилен телефон, други **двајца** возачи не користеле сигурносен појас, а под дејство на алкохол биле **седум** возачи и тие се исклучени од сообраќај. За сите неправилности издадени се соодветни налози.

На 12.12.2019 во 12.00 часот во СВР Скопје, В.П.(34) од Скопје пријавил дека на ул.„Трифун Хаџи Јанев" бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

На 12.12.2019 во 20:17 ч. И. С. пријавила дека на ул.Мирослав Крлежа во Скопје насилно е отворена влезната врата од станот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2019 околу 17.45 часот на ул.„Балиндолска" во Гостивар, полициски службеници од Полициска станица Гостивар ги лишиле од слобода О.А.(28) и Ј.А.(19) од Гостивар, поради сомнение дека извршиле пет кражби во објекти на гостиварското подрачје. Двајцата биле задржани во Полициската станица Гостивар.

На 12.12.2019 во 15.30 час. А. Д. пријавил дека во зграда на ул.„Тодор Александров" во Скопје неговиот сосед Т.Д., по кратка вербална расправија, во ходникот на зградата извадил автоматска пушка и ја репетирал кон него. Полициски службеници веднаш по добивање на пријавата излегле на местото на настанот. Во домот на Т.Д. се пронајдени повеќе парчиња оружје и муниција, кои се одземени. Т.Д. е повикан во полициска станица и со него е извршен службен разговор и се работи на расчистување на случајот.

Во периодот од 6 до 12 декември оваа година на поширокото тетовско-гостиварско подрачје спроведени се засилени активности за откривање и законско санкционирање на прекршоци што ги чинат пешаците. Во овој период откриени се вкупно **50** прекршоци (ТЕ-35 и ГВ-15). При контролите, исто така, регистрирани се и **66** други видови прекршоци, кои се санкционирани со законски предвидените поднесоци.

Во периодот од 06.12.2019 до 12.12.2019, СВР Штип спроведе засилена акциска контрола на прекршоци кои ги прават пешаците. Притоа биле констатирани **62** прекршоци, од кои **седум**во Штип, **18** во Кочани, **девет** во Пробиштип, **пет** во Виница, **13** во Делчево, **шест** во Берово и **четири** во Свети Николе. За сите прекршоци изречени се соодветни санкции. Санкционирани се и **87** останати прекршоци.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.Ј.(23) од село Церово, тетовско, и против правното лице ТП Доменико - Е.Ј Енис Јакупи Тетово, поради постоење основи на сомение за сторено кривично дело „повреда на права од индустриска сопственост и неовластена употреба на туѓа фирма". На 18.10.2019 на ул.„Маршал Тито" во Тетово, полициски службеници извршиле акциска контрола во содејство со инспектори од УЈП и ДПИ Тетово во продавницата за текстил „Доменико", при што било утврдено дека во неа се продава фалсификувана текстилна роба од заштитени трговски марки. При контролата биле одземени поголем број производи и со записник биле предадени во Агенција за управување со одземен имот.

На 12.12.2019 околу 23.30 часот на бул.„8 Септември" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Ќ.Ж.(46) од Скопје, поради тоа што одбил наредба да застане со своето возило на даден знак од полициски службеници и се однесувал агресивно кон полициските службеници. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.12.2019 околу 21.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „8" во с.Трубарево, Г.С.(50) од с.Трубарево, скопско, го нарушил јавниот ред и мир и се однесувал агресивно кон полициски службеник, кој извршувал службени дејствија. Против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.12.2019 во 00.12 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза" бил донесен Г.С.(25) од Скопје, кој се повредил во пределот на десната нога додека извршувал работни задачи како вработен во маркет во трговски центар на бул.„Јане Сандански". Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје и за настанот е известен трудов инспектор. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2019 во 14.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг на Поликлиника „Ѓорче Петров" на бул.„Партизански одреди", П.А.(28) од Скопје, поради меѓусебно недоразбирање, бил физички нападнат од О.Н.(47) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секторот за внатрешни работи Скопје - Единица за економски и компјутерски криминал до надлежното Основно јавно обвинителство во Скопје ќе поднесе кривична пријава против Е.Џ.(37) од Скопје поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „избегнување на плаќање акциза", казниво по член 279-б од Кривичниот законик. На 11.12.2019 пријавениот бил затекнат како врши продажба на ситно сецкан тутун, а врз основа на судска наредба, бил извршен и претрес во магацин на бул.„Партизански одреди", кој го држел под наем, при што биле пронајдени различни пакувања ситно сецкан тутун со вкупна тежина од 326,19 кг.. На тој начин се стекнал со противправна имотна корист од 560.169 денари и за тој износ го оштетил буџетот на Р.С.Македонија.

На 12.12.2019 во 21.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Лазар Личеновски‟, поради нерасчистени должничко-доверителски односи, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.С.(45) и Џ.Б.(28), и двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2019 во Полициска станица Крушево, Ќ.П (66) од Крушево пријавил дека неговиот малолетен внук бил каснат од куче, сопственост на неговиот сосед П.Б.. Полициски службеници излегле на местото и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2019 околу 23.00 часот во Полициската станица Бит Пазар било пријавено дека А.Б.(26) од Скопје околу 22.00 часот на ул.„Павле Илиќ‟ бил физички нападнат со тврд предмет од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.12.2019 во 03.40 часот во СВР Скопје, Ј.М.(41) од Скопје пријавила дека во казино на ул.„Иван Козаров‟, поради претходно недоразбирање, била физички нападната од Ј.З.(50) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.12.2019 околу 00.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека во кругот на МЗТ на ул.„Перо Наков‟ настанал пожар во трафостаница. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита, а повредени лица нема. Увид е извршен.

На 13.12.2019 во 00.10 часот во СВР Скопје, И.М.(45) од Скопје пријавил дека околу 21.00 часот на ул.„Коста Новаковиќ‟ бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.12.2019 во 02.20 часот во СВР Скопје, Ф.Д.(28) од Скопје пријавил дека околу 02.00 часот во близина на угостителски објект на ул.„Анастас Митрев‟ бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2019 во 17.00 часот во СВР Скопје, Н.Ц.Ј.(38) од Скопје пријавила дека од дома самоволно заминала нејзината ќерка Н.Н.Ц.(17) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Р.С.(31) во село Долно Палчиште, тетовско и Р.У.(24) од Тетово поради постоење основи на сомение за сторено кривично дело „насилство‟. На 25.08.2019 на патот Градец кон село Пирок, тетовско, пријавените физички се пресметале поради недоразбирање во сообраќајот.

### МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

### АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

### ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

### ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)